Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 26.11.2024 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 63 став 1 и 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата од Сашо Балабанов од Штип, за утврдување начелен правен став или начелно правно мислење, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, заведена под 03Су.бр.542/24 од 23.08.2024 година, СЕ ОТФРЛА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Сашо Балабанов од Штип поднесе иницијатива до Врховен суд на Република Северна Македонија во која изрази незадоволство од постапување на Претседател на Основниот суд Штип кој со решение Су-ИЗЗ.бр.78/22 од 31.10.2022 година, го усвоил барањето за изземање на судиите на Основниот суд во Штип по предметот МАЛВ-П-420/22 заведен по тужба на подносителот против тужената Општина Штип – Штип, за надомест на штета, како и незадоволство од донесеното решение на Претседателот на Апелациониот суд Штип, кој со решение Р.бр.42/22 од 10.11.2022 година го определил Основниот суд Радовиш за стварно надлежен суд да постапува по претходно наведениот предмет МАЛВ-П-420/22. Подносителот смета дека во делот за изземање на судиите на Основниот суд Штип за вработени судски службеници во истиот суд, какво својство има подносителот кој е вработен како судски советник, потребно е да се разгледа работата на Основниот суд Штип и примената на одредбите од ЗПП, заради што неговата иницијатива да се третира како предлог до Врховниот суд на Република Северна Македонија истиот по сопствена иницијатива да утврди начелен став или начелно правно мислење по прашање од значење за обезбедување единство во примена на законите од страна на судовите.

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Закон за судовите, Врховниот суд на РСМ утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди дека согласно одредбите од горе наведениот член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, подносителот на иницијативата не е овластен субјект за поднесување на ваква иницијатива, заради што и ја отфрли истата.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**